КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Коалиција МАРГИНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 09-186/1
21-02-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници
МАРГИНИ
Бр. 03-23/07
22.02.2023 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје на 20.2.2023 помеѓу:

1. **Комисија за спречување и заштита од дискриминација** (во натамошниот текст: КСЗД), со седиште на ул.„Даме Груев" бр. 1, Скопје, претставувана од претседателот, Исмаил Камбери, од една страна и

2. **Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници - Маргини Скопје, во име на Мрежата за заштита од дискриминација** (во натамошниот текст: МЗД), со седиште на ул. Франклин Рузвелт бр. 8-1/7 Скопје, претставувано од извршната директорка Ирена Цветковиќ, од друга страна.

Тргнувајќи од надлежностите и областите на делување на двете вклучени страни, а заради проширување и зајакнување на соработката во стратешките полиња на интерес, со овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст: Меморандум) страните се договорија за следното:

## 1. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА СОРАБОТКАТА

### Член 1

Овој Меморандум за соработка има за цел да ги воспостави формата и начините според кои Мрежата за заштита од дискриминација и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе соработуваат во спроведувањето на активностите кои се од заеднички интерес.

### Член 2

Главната цел на овој Меморандум е да се воспостави одржлива соработка меѓу двете страни со цел да се унапреди спречувањето и заштитата од дискриминација, да се промовираат принципите на еднаквост, инклузивност и недискриминација.

Соработката ќе вклучува заедничка работа меѓу потписниците за промоција на принципот на еднаквост и недискриминација на локално ниво, унапредување на капацитетите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, унапредување на пристапот до механизмите за заштита од дискриминација, подигнување на свесноста за правото на еднаквост и застапување за отстранување на различните форми на структурна дискриминација.

## 2. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРЕНИТЕ СТРАНИ

### Член 3

МЗД и КСЗД ќе соработуваат во реализација на активностите од проектот „Видливи, здружени и гласни- Акција за еднаквост и недискриминација преку учество и мултисекторска соработка" и тоа:

- Јакнење на капацитети на КСЗД за известување пред ЦЕДАВ Комитетот
- Менторирање на КСЗД за подготовка на поднесоци до ЦЕДАВ Комитет
- Ангажирање на практикант во КСЗД за прибирање на податоци за поднесоци до ЦЕДАВ

- Застапување за промена на легислатива за овозможување на платено породилно отсуство и отсуство поради болест или повреда
- Одржување состаноци со клучни актери за застапување за промена на легислатива за овозможување на платено породилно отсуство и отсуство поради болест или повреда
- Кампања: прес конференција, соопштенија и видео сторија за неплатено отсуство од работа поради болест или повреда на жените земјоделки од руралните средини и кампања за социјални медиуми
- Унапредување на пристапот до заштита од дискриминација на локалното население преку мултисекторска соработка во 7 плански региони (источен, југоисточен, североисточен, пелагониски, вардарски, југозападен и полошки)
- Обука за локални ГО од 7 плански региони и подрачни одделенија на МП за заштита од дискриминација
- Одржување на 7 отворени денови за БПП за препознавање на дискриминација и работата на МЗД и КСЗД
- Одржување на 7 трибини со претставник на КСЗД за препознавање и заштита од дискриминација, како и презентација на работата на КСЗД
- Одржување на вкупно 7 отворени презентации за општо население на јавно место за препознавање и заштита од дискриминација
- Одржување на седум средби за правни совети за дискриминација со претставник на МЗД и/или КСЗД
- Подготовка на информативен материјал за препознавање и заштита од дискриминација
- Склучување на меморандуми за соработка со општини и/или граѓански организации за препраќање на случаи на дискриминација

**Член 4**

Трошоците за реализиција на активностите од член 3 ќе бидат покриени од страна на Мрежата за заштита од дискриминација, Коалиција Маргини и останатите партнери согласно проектните документи.

**Член 5**

МЗД и КСЗД ќе одржуваат средби и консултации со за прашања кои се однесуваат на некоја од заедничките активности или области на соработка предвидени со овој Меморандум.

Претставник на КСЗД за редовна комуникација, координација и реализиција на активностите е Игор Јадровски. Претставничка на МЗД за редовна комуникација, координација и реализиција на активностите е Драгана Дрндаревска.

Двете страни се должни да назначат лица кои ќе учествуваат во спроведување на активностите, освен горенаведените координатори.

**Член 6**

На материјалите произведени од заедничките активности ќе се користи логото на МЗД, Коалицијата Маргини, КСЗД и останатите партнери по потреба.

## 3. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА

**Член 7**

Двете страни се согласуваат соработката да трае во временски период од три години, почнувајќи од март 2023 година, заклучно со март 2026 година.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Коалиција МАРГИНИ

## 4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

Овој Меморандум ќе се применува од денот на неговото потпишување, а секоја од страните може да го откаже преку писмено известување до другата страна, со писмено образложување на причините за отповикување на Меморандумот.

Меморандумот за соработка ќе престане да важи по истекот на 30 дена од приемот на известувањето за откажувањето.

**Член 9**

Овој Меморандум може да се измени и дополни по претходно усогласување од двете страни.

Член 10

Овој Меморандум е составен во 2 (два) еднообразни примероци, од кои по еден за секоја страна.

Со потпишување на овој Меморандум, двете страни изрично изјавуваат дека се согласуваат со неговата содржина и ги прифаќаат предвидените права и обврски.

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

------------------------------------------------

**Исмаил Камбери**
**Претседател**

**Мрежа за заштита од дискриминација**
**Коалиција МАРГИНИ**

------------------------------------------------

**Ирена Цветковиќ**
**Извршна дирекcторка**